**Известување за концентрација со која НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за наложбе, д.о.о., Словенија ќе стекне контрола над друштвото РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД Србија.**

**(предмет бр. 08-94/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна на НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за наложбе, д.о.о., со седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија над друштвото РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД со седиште во Белград, Браќа Барух 24, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**НЛБ Склади – Зелени преход I А, наменска дружба за наложбе, д.о.о.,** е дел од НЛБ Групата.
НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

**Регистрирана дејност на РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД** е инженерски активности и техничко советување.

РЕСАЛТА ГРАДСКО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ Д.О.О. БЕЛГРАД нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија ниту има остварено промет во 2024 година на пазарот во Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето предложената концентрација се однесува на пазарите на: (i) обезбедување услуги за енергетска ефикасност во јавни згради во Србија; и (ii) обезбедување услуги за реконструкција на системот за јавно осветлување во Србија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.06.2025 година
Скопје